МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Февруари 2011
БРОЈ 114

## МЦМС - препознаена и успешна организација

Како дел од истражувањето Довербата во Македонија, беше истражувана и позицијата на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и на Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП).

Според истражувањето, за МЦМС слушнале 60%, а знаат 23.3% од анкетираните. Позитивно мислење имаат 18.7%, при што односот позитивно/негативно мислење е 4.1

МЦМС е на 7 место како пример на најуспешна организација. Во одредени потсектори е препознаен како

- (1) Прва организација во Мултикултурно општество
- (2) Втора организација во Развој на граѓанско општество
- (3) Трета организација во Борба против сиромаштија
- (8) Осма организација во Демократија и човекови права.

Истражувањето е спроведено со теренска анкета – интервјуа „лице в лице" во домаќинствата во декември 2010 г. на репрезентативен примерок од 1.300 испитаници од страна на ИСППИ.

## Информативни средби за ЗЗФ

МЦМС ги повикува заинтересираните на информативни средби посветени на пререгистрацијата на граѓанските организации согласно новиот Законот за здруженија и фондации, кој стапи на сила во април 2010 година.

Средбите ќе се одржат во Скопје, на 11 март и во Битола на 15 март 2011 година.

Новиот ЗЗФ предвиде пререгистрација на сите здруженијата и фондациите во рок од една година од стапувањето на сила. Рокот за пререгистрација истекува на 24 април 2011 година.

## Успешна деловна година за МЦМС



*Вработените на МЦМС*

МЦМС во 2010 година имаше вкупен обем (портфолио) од 18 проекти и буџет од 74 милиони денари. Реализацијата на програмското портфолио е одлична - 90 % од планот и 98 % на буџетот.

Во 2011, МЦМС имаше 67 консултантски мисии или обуки на кои учествуваа 2.009 учесници. Најголем дел од учесниците ги посетувале обуките или имале консултации од областа на раководењето со проектен циклус и портфолио.

Оваа година единаесет од спроведените проекти беа фокусирани на застапувањето и лобирањето. Што се однесува на информациите како метод на работа, МЦМС, во 2010 година, се појави како издавач на 6 публикации и организираше осум промоции и презентации на своите активности.

Во однос на состојбата со граѓанското општество и човековите права, 2010 г. ја одбележаа дебатите и донесувањето на значајните закони, за здруженија и фондации, како и за спречување и заштита од дискриминација.

Се интензивира соработката во рамките на граѓанскиот сектор (мрежите ГПМ, МБД и БЦСДН) и со државните институции, преку учеството во Заедничкиот комитет за граѓанско општество на ЕУ-РМ, Националниот совет за европски интеграции, но и со директни средби со пратеници и претставници на надлежни министерства. Се интензивираше и соработката со Државната комисија за спречување на корупцијата. Заедничкиот комитет за граѓанско општество на ЕУ-Македонија одигра значајна улога во процесот на европските интеграции на Република Македонија. На крајот од 2010 г. МЦМС повторно беше избран за член на ЗКК во новиот мандат.

МЦМС како дел од граѓанското општество се соочува со истите предизвици, промени и проблеми. Во претходните години, докажа дека има висок капацитет за прилагодување на брзите промени. Во 2011 година ќе заврши целосното реструктурирање на изворите на финансирање (и поддршка) и на внатрешната организација на МЦМС. Тоа, во 18-та година на постоење ќе ја обезбеди неопходната подготовка на МЦМС за соочување со новите предизвици.

## Ниска општа и стабилна доверба во институциите

Покрај другите, МЦМС спроведе истражување кое се однесуваше на општата доверба и довербата во институциите.

Истражувањето покажа дека граѓаните имаат ниска општа доверба (9,7 %), а дека довербата во институциите е стабилна. Довербата во државниот сектор е стабилна и индексот на доверба изнесува 44,5. Мнозинство граѓани имаат доверба во армијата, образовните институции, полицијата, здравствените институции иако кај последните три има малото во однос на 2008 година.

Довербата во правосудството во 2010 г. изнесува 30,4 % и е зголемена за 9,2 процентни поени во однос на 2008 г. Довербата во судиите изнесува 28,8 % и е зголемена за 8,1 процентни поени во однос на 2008 година.

Намалена е довербата во Владата и во медиумите. Владата има доверба од 36,8 %, што е намалување од 2008 година кога изнесувала 51 %. Довербата во медиумите е намалена за 13,2 процентни поени. Висока е довербата во ОН, во ЕУ и во НАТО и расте довербата во меѓународната заедница. Мнозинство од граѓаните имаат доверба во „даскали, лекари и попови/ оџи" односно во наставниците/ професорите, лекарите, свештените/ верските лица. Најмала доверба граѓаните имаат во судиите (28,8 %) и во цариниците (28,7 %).

Ова и претходните истражувања покажале дека граѓаните на Македонија имаат повисока доверба во „сличните", отколку општа доверба (доверба во „другите" и „туѓите"). Етничката припадност и симпатизерите на политички партии се две социо-демографски карактеристики кои имаат најмногу влијание на довербата во институциите и секторите.

Истражувањето е спроведено со теренска анкета во декември 2010 година на репрезентативен примерок од 1.300 испитаници од страна на ИСППИ.



## Уреден плоштадот во Берово

На 28 февруари 2011 година во Берово се одржа последната сесија во рамките на програмата Форуми во заедниците. Околу педесет граѓани дојдоа за да се информираат околу завршувањето на проектот на кој му дадоа најмногу гласови „Партерно уредување на централното градско подрачје - плоштад Димитар Беровски".

Првата форумска сесија се одржа на 7 октомври 2009 година., каде околу 80 граѓани по втор пат учествуваа во спроведување на програмата Форуми во заедниците, овој пат како „Буџетски форумски процес".

На петата форумска сесија граѓаните гласаа за програмите на општината кои би се подржале со програмата за работа за 2010 година. Најмногу гласови доби програмата Уредување на градежно земјиште. Граѓаните од 35 понудени проекти се изјаснија за проектот „Партерно уредување на централното градско подрачје – плоштад Димитар Беровски".

„Ние како граѓани, имавме можност директно да влијаеме на она што ќе се направи со предвидените средства за овој проект. Општината цело време беше отворена за соработка и за прифаќање на нашите идеи. За мене беше прв пат да се запознам со структурата на буџетот, како и приоритетите за развој на општината во изминатата година", ни рече Владо Нешовски, жител на Берово.

Вкупниот буџет за спроведување на проектот изнесуваше 9.803.083 МКД. Од нив, 6.000.000 МКД обезбеди Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), додека 3.803.083 МКД ги обезбеди Општина Берово. Граѓаните на Берово низ целиот форумски процес ги водеше МЦМС, како спроведувачка организација.



## Преовладува позитивното мислење за граѓанските организации



*Резултатите од истражувањето беа презентирани на работилницата*

Во рамките на истражувањето за довербата, МЦМС ја истражуваше и довербата во граѓанското општество и познавањето и мислењата за граѓанските организации. Според добиените резултати, црквите и верските заедници имаат највисока доверба од граѓаните (62,9 %). Граѓаните, речиси 20 процентни поени повеќе им веруваат на црквите и верските заедници отколку на граѓанските организации (здруженија и фондации) и 40 процентни поени повеќе од синдикатите и стопанските комори.

Истражувањето покажа дека дел од граѓаните гледаат на граѓанските организации како на средство за остварување на личните интересите, „диригирани" од странски држави и злоупотребувани од политички партии? Мнозинството граѓани (55,9 %) сметаат дека граѓанските организации се инструмент за остварување лични цели, наспроти јавен или поширок интерес (23,8 %). Дека се организирани и финансирани од странски држави сметаат 38,8 % од граѓаните, наспроти 34,3 % кои сметаат дека се израз на граѓански интерес. Мнозинство од 51,3 % сметаат дека политичките партии ги присвојуваат нивните ставови кога им се потребни, а кога немаат интерес ги осудуваат како блиски до другите, додека за скоро секој четврти граѓанин, граѓанските организации служат како гласноговорници на политичките партии. И покрај ова, малцинство од испитаниците (31,1 %) можеле да наведат конкретна организација зад која сметаат дека стои политичка партија.

Довербата се зголемува од општата доверба (42,5 %), кон довербата во посебните потсектори (58,5 %). Повисока од општата доверба имаат организациите кои работат со деца, млади и студенти, на лицата со посебни потреби, на жени и родови прашања, за животна средина и за спорт, хоби и рекреација.

Мнозинство од граѓаните (52,6 %) знаат успешни граѓански организации, што претставува умерено опаѓање во однос на 2008 г. Десетте најуспешни граѓански организации во 2010 г., според граѓаните, се: Црвен крст, Меѓаши, Ел хилал, Мост, ФИООМ, Разбуди се, Полио плус, МЦМС, СЗПМ и ХКЧП. Граѓаните имаат позитивно мислење за конкретни граѓански организации. Односот на позитивно/ негативно мислење за граѓанските организации е зголемен од 3,5 во 2008 г. на 4,9 во 2010 г. и е највисок од односот забележан во сите претходни години (4,4 во 2007 и 4,3 во 2006 г.). За неколку граѓански организации, како Меѓаши, Црвен крст и Полио плус, значително е зголемено позитивното мислење.

Истражувањето е спроведено со теренска анкета – интервјуа „лице в лице" во домаќинствата во декември 2010 г. на репрезентативен примерок од 1.300 испитаници од страна на ИСППИ.

## Работилници „Антикорупциска писменост"



*Граѓанските организации покажаа голем интерес за темата „корпуција"*

На 17 и 24 февруари 2011 година, во хотелот „Холидеј ин" во Скопје МЦМС организираше еднодневни работилници наменети за новинарите и претставниците на граѓанските организации на тема „Антикорупциска писменост". Работилницата со новинарите ја фацилитираше Владимир Мисев, претседател на Институтот за демократија, а гостин воведничар беше Софка Пејовска – Дојчиновска, Генерален секретар на Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК). Работилницата за ГО ја фацилитираше Суад Мисини, извршен директор на Истражувачки центар за граѓанско општество.

Дискусиите на работилницата треба да овозможат започнување на расправата за тоа кои се стратешките приоритети на медиумите и на граѓанските организации во спречувањето на корупцијата во Република Македонија.

Беше презентиран извештајот за состојбата со корупцијата во Бугарија „Злосторство без казна" издаден од МЦМС. Посебен осврт, за новинарите, беше даден на политичката корупција и облиците во кои таа се појавува, а за ГО фокусот беше на коруптивните практики кои го зафатиле граѓанското општество во првите две години од членството на Бугарија во ЕУ.

Новинарите најмногу се интересираа за претставките поднесени до Комисијата и нивната успешност во однос на иницијативите доставени до обвинителството. Претставниците на ГО се интересираа за таканаречена појава на „заробување на државата", концепт смислен од стручњаците на Институтот на Светската банка. Во текот на дискусијата беа дадени предлози како со заеднички активности може да се придонесе кон постигнување на поголеми ефекти во спречување на корупција. Исто така беше предложено подигнување на свеста за корупцијата кај младите преку образовниот систем (во училиштата и на факултетите).

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ул. Никола Парапунов 6б, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk